## План за работа на кариерниот советник

| | |
|---|---|
| Цели на програмата за кариерно советување | - Ги насочува учениците кон самоистражување на лични способности и вештини, афинитети и интересирања, лични приоритети и животно искуство;<br>- Ги оспособува поединците да го планираат своето образование, обука и работа;<br>- Им помага на образовните институции да ги мотивираат поединците во преземање на одговорност за сопственото образование и работа и<br>- Допринесува за развојот на локалната, регионалната и националната економија преку развивање на работна сила. |

| Реден број | Активности | Методи и техники | Стандарди | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Запознавање себеси | - Предавање за техники за самооценување и препознавање на личните интереси (групно)<br>- Индивидуални разговори со ученици и нивно водење низ процесот (индивидулно) | - Ученикот поседува вештини за самопроценување | Септември - Октомври |
| 2. | Собирање потребни информации | - Предавање за техники за стигнување до релевантни информации од различни професии и можности за продолжување на образованието и понатамошен професионален развој (групно)<br>- Вежби за откривање и користење на релевантни информации за професиите (групно)<br>- Презентирање на резултати од индивидуални истражувања и собрани информации за професиите (индивидуално) | - Ученикот поседува вештини за информирање | Ноември |
| 3. | Донесување | - Прашалник за | - Ученикот | Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одлуки | професионалниот избор на учениците, во електронска форма на апликацијата Forms<br>- | воспоставува позитивен однос кон работата | |
| 4. | Изработување на План | - Обука за изработка на Личен кариерен план за развој (групно)<br>- Изработка на Личен кариерен план од секој ученик (индивидуално)<br>- Разгледување на Личните кариерни планови (индивидуално)<br>- Предавање за Лично презентирање (Обука за вербална и невербална комуникација) (групно)<br>- Лично презентирање во услови на Интервју (индивидуално) | - Ученикот умее да изработи Акциски план – планирање на лични професионални чекори и<br>- Ученикот умее да направи Лично презентирање. | Јануари - Април |
| 5. | Организирање „Денови на кариера“ | - Покана до компании и организации кои се од интерес на учениците, согласно нивните компетенции, со можност за практиканство, вработување или продолжување на образованието. | - Ученикот се информира за можностите за своето професионално ангажирање/ вработување | Мај |

| Активности кои ги извршува кариерниот советник |
|---|
| - Соработува со тимот за кариерно советување;<br>- Обезбедува квалитетни и ажурирани информации за можностите за кариерно насочување преку понатамошно образование и пристап на пазарот на трудот;<br>- Врши проценка за препознавање на соодветен одговор за потребите за кариерно советување и развој на секој ученик;<br>- Врши континуирана евиденција за индивидуалните совети и учество на сите ученици во процесот на кариерно советување и насочување за понатамошно образование и / или пристап до пазарот на трудот;<br>- Дава насоки на наставниците за поврзување на наставните содржини со кариерното советување и истакнување на придобивките од стекнатите знаења и вештини со понатамошниот кариерен развој на учениците;<br>- Соработува со работодавачите со цел запознавање на учениците со процесите на |

работењето, вработувањето  и вештините потребни на одредено работно место;
- Соработува со образовни установи и институции со цел насочување на учениците кон понатамошно образование;
- Организира групно и индивидуално кариерно советување на учениците во соработка со работодавачите и образовните установи и институции;
- Води Индивидуален кариерен план на ученикот;
- Организира обуки и работилници за кариерно планирање, спроведува тестови за самопроценка и развој на вештини, обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови;
- Учество во работата на стручни органи во училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници;
- Соработка со стручни органи во училиштето, соработка со родителите поединечно и преку родителски состаноци;
- Организира „Денови на кариера“ и
- Собира повратни информации за учениците од завршните години за нивниот професионален ангажман до 6 месеци после завршување на образованието.

Изработил:
Марија Гочева

ДСУРЦ